## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 септември 2001 година**

Седницата се одржа во сала I во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да видиме дали можеме да почнеме.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

На седницата присуствуваат 71 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по 85-та седница на Собранието на Република Македонија.

Збор бара господинот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Предлагам и барам пауза од еден час.

Барам претседателот на Собранието во меѓувреме да ги повика координаторите на пратеничките групи за да се договориме за понатамошното работење на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од еден час.

Ќе продолжиме со работа во 14,оо часот.

(Пауза од 12,40 часот)

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 14,15 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да видиме дали можеме да почнеме.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

На седницата присуствуваат 78 пратеници. 10.

Констатирам дека на седни 11. присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по 85-та седница на Собранието на Република Македонија.

Збор бара господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, Прво, морам да искажам едно незадоволство од начинот на кој заврши седницата на Собранието во петокот. Имено, претседателот на Собранието како пратеник, се разбира го искористи правото да кажа како ќе гласа по амандманот и тој тоа го направи на начин кој што го повредува Деловникот. Од причина што претседателот не излезе на говорница па да каже дека ќе гласа тој како што ќе се одлучи, туку тој тоа го направи од местото на претседател на Собрание, што со други зборови значи дека тој ги повика пратениците да гласаат како што тој мисли, иако веројатно тој тоа не го мисли.

Но, ние тогаш побаравме, кажавме дека се сомневаме во резултатот од гласањето и бараме поединечно изјаснување.Тоа барање го повторувам сега и барам поддршка од 10 пратеници за амандманот да се гласа поединечно.

(Пратеници креваат рака)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има подршка од 10 пратеници.

Молам, спроведете поединечно гласање.

Само да напоменам. Никого не сум повикал да гласа и како ќе гласа. Точно можете да ги земете стенографските белешки и ќе видите. (Прашање на некои пратеници од место - "за што гласаме") Гласаме поединечно по амандманот VII кој се однесува на член 19.

(Некои пратеници бараат зборо процедурално)

Нема процедурално сега. Сега знаете дека нема.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

1. ЈОНУЗ АБДУЛАИ за
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ за
3. АБДУЛААЛИУ за
4. МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ за
5. СТОЈАНАНДОВ против
6. КИРИЛ АНДОНОВСКИ против
7. ЉУПЧОАНУШЕВ против
8. АМДИ БАЈРАМ отсутен
9. ДЕМУШ БАЈРАМИ за

10, ФАДИЛ БАЈРАМИ отсутен

11, ДИМИТАР БАТКОСКИ против

12. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ за

13. ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА отсутна

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Неможам да се сетам како сум гласал тогаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега како ќе гласате. Повелете, гласајте.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

Повелете изјаснете се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, не гласате.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

14. ЈОРДАН БОШКОВ не гласа
15. ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ за
16. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ за
17. СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ за
18. ВАСИЛ ГАЏОВСКИ за
19. МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ против
20. ТРАЈКО ГЕШОСКИ отсутен
21. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ за
22. ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ отсутен
23. ПЕТАР ГОШЕВ за
24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ против
25. ЗАМИРДИКА за
26. ВАНЧО ЃОРГИЕВ за
27. ИЛИЈАЃОРЃИЕВ за
28. ФАТМИР ЕТЕМИ за
29. ВАСИЛЕФТИМОВ отсутен
30. НАСЕРЗИБЕРИ за
31. ЉУБИСАВИВАНОВ-ЅИНГО отсутен
32. МИРКОИВАНОВ за
33. ИЛИЈАИЛОСКИ за
34. ДЕЛЧЕИЦКОВ отсутен
35. НИКОЛАЈОВАНОВ против
36. ВЕСНАЈОВАНОВСКА за
37. МАРИКАЈОРДАНОВА за
38. НАЗМИКАДРИУ за
39. РАДОМИРКАРАНГЕЛЕСКИ отсутен
40. ЖАРКОКАРАЏОСКИ отсутен
41. МИТКОКИРОВ против
42. ЛАЗАР КИТАНОСКИ за
43. САВОКЛИМОВСКИ отсутен
44. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ за
45. ЃОРЃИКОТЕВСКИ против
46. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ за
47. ИЛИЈАЛАЗАРОВ отсутен
48. ГОРАНЧО ЛАЗОВ за
49. БИЛАЛ ЉУТФИИ за
50. ВАСЕ МАНЧЕВ за
51. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ- ДИМОВА не е тука
52. ГУЛИСТАНАМАРКОВСКА отсутен
53. ДИСПИНАМАРКОВСКА против
54. ЗВОНКО МИРЧЕСКИ против
55. ДРАГАН МИТЕВСКИ за
56. КИРИЛ НАСТЕСКИ за
57. РУБЕНС НАУМОВСКИ против
58. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ против
59. ЛАТИФ ПАЈКОСКИ за
60. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ отсутен
61. ВАНЧОПАНЧЕВ против
62. ИЛИЈАПЕМОВ против
63. ТИТО ПЕТКОВСКИ за
64. ЧЕДОПЕТРОВ воздржан
65. ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ за
66. ФИЛИП ПЕТРОВСКИ отсутен
67. АЗИСПОЛОЖАНИ за
68. СТОЈАН ПОПОВ отсутен
69. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ за
70. НИКОЛА ПОПОВСКИ за
71. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ отсутен
72. ИСМЕТ РАМАДАНИ за
73. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ против
74. НЕНАД РИСТОВСКИ против
75. АЦЕСАЈКОСКИ против
76. АСЛАНСЕЛМАНИ за
77. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ отсутен
78. ВАНГЕЛ СИМЕВ против

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

(Почнува да рецитира, но не се слуша, од место)

**СТОЈАН АНДОВ**:

Само како гласате, немојте говори. Сега не може говори.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

79. РИСТО СПАНАКОВ воздржан
80. КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ отсутен
81. ЃОРЃИСПАСОВ за
82. МИЛАН СТАВРЕВ отсутен
83. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ за
84. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ за
85. ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ против
86. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ за
87. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ против
88. ВЛАДО СУГАРЕВСКИ против
89. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ за
90. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ за
91. МУХАМЕДТАИРИ за
92. АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ за
93. МЕВЉАНТАХИРИ за
94. МИТКО ТИЛЕВСКИ против

95. ЃОРЃИ ТОДОРОВ против
96. РИСТО ТОДОРОВ за
97. ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ против
98. ПАНДЕ ТОМОВ против
99. КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ за
100. ГОРАНЧО ТРАЈКОВ за
101. ТАНАС ТРАЈКОВСКИ за
102. АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ за
103. БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ за
104. СЛОБОДАН ЌОСЕВ против
105. ТАЌИ ФИТИ за
106. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ против
107. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ за
108. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ за
109. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ за
110. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА отсутен
111. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ за
112. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ отсутен
113. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ за
114. АРБЕН ЏАФЕРИ за
115. АЛИЈА ШАХИЌ за
116. РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА за

(Господинот пратеник Чедомир Краљевски прашува дали може да се почека, затоа што четворица пратеници не се во салата, а сакаат да гласаат)

**СТОЈАН АНДОВ**:

Нека влезат додека не е соопштен резултатот.

Илија Лазаров и Амди Бајрам, не гласале, а тука се.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

Илија Лазаров, против.

Амди Бајрам, воздржан.

Дали има некој друг пратеник кој не е прозван?

(Во салата влегуваат пратеници)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве влегуваат пратеници.

Прашајте ги и нив.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА**:

Александар Пандов, за.

Крале Спанчевски, против.

Делче Ицков, за.

Борче Сибиновски, за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште некој што не гласал?

(Нема)

Вкупно гласале 98 пратеници.

"За"гласале 65 пратеници.

"Против" гласале 30.

"Воздржани" гласале тројца пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот VII на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацрот на амандманот VIII на Уставот на Република Македонија го ста ................

Господин Златко Стојменов бара збор.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Жал ми е на крајот од третата година од нашиот мандат, а и на крајот можеби од третиот мандат на некои пратеници што морам да интервенирам процедурално за начинот на гласање и одлучување во овој Парламент, меѓутоа, не можам да не реагирам бидејќи и после седмиот амандман, поминуваме и на осмиот, ние не сме на јасно како работиме и што работиме во ова Собрание. Очигледно на некои им е јасно, меѓутоа на мене навистина не ми е јасно дали има овде кршење на Деловникот намерно и манипулација, при што се суспендира демократијата во Репбулика Македонија за да се овие "црни седници" на демократијата на Република Македонија и на Парламентот на Република Македонија, или пак некој не го знае Деловникот на Собранието на Република Македонија, пред се претседавачот што ја води седницата.

Имено, ќе бидам јасен и конкретен кој одредби од Деловникот се применува онака како не треба на оваа седница за последните седум точки.

На дилемата дали некој побарал збор процедурално или изразил сомнеж при гласањето, треба овој момент да расчистиме, бидејќи веќе можеби при гласањето на наредниот амандман некој ќе изрази сомнеж, нас не ни е јасно, според правилата на играта кој ги воведува за специјална прилика претседателот на Собранието како да се однесуваме како пратеници. Тој иновира нешто ново за да изманипулира очигледно со Собранието.

Имено, според член 102 од Деловникот на заедничката седница никој не може да говори пред да побара или да добие збор од претседателот. Значи, никој не може да побара пред да се јави, така да и претседателот не може да знае ништо пред да му даде збор на пратеникот што тој бара и како бара. Дали бара процедурално, дали се сомнева. Ова го зборувам бидејќи претседателот на Собранието за првиот амандман навлезе во едни матни води, манипулирајќи кој што реков во салата, без да го вклучи на системот, на микрофонот, без да му даде глас и без да излезе некој на говорница да каже што бара и како бара. Тоа е првиот дел од манипулацијата.

Вториот дел од манипулацијата, тешката манипулација која што се случува овде за одредени потреби, тоа е следното.

Член 105, тоа е што е процедурално и вака објаснува: Ако делегатот побара збор, да направи навод кој е неточно изложен, или кој дал повод за недоразбирање, или предизвикал потреба од лично објаснение, претседателот му дава збор штом својот говор ќе го заврши оној кој предизвикал потреба за поправката и тој мора да се ограничи на објаснувања на тоа. Значи, претседателот на Собранието, без да даде збор на некој процедурално, не може да кажува што тој барал. Тоа го правеше претседателот на Собранието минатата седница и сега тврдам дека секој што ќе сака да побара, да изрази сомнеж во гласањето, треба да се јави процедурално и претседателот на Собранието да му даде збор од говорницата и тој да каже од звучникот, или од говорницата дека се сомнева во гласањето.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**: (Продолжение)

Нема друг начин наработа во ова Собрание. Сето друго беше импровизација на претседателот на Собранието за да го покрие својот голем гаф и манипулација со која не сакаше да даде да има поединечно гласање на оваа седница.

Читајќи го членот 3, се извинувам членот 127...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Која ви е намерата? Кажете ја примедбата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

Да знам како ќе работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви кажам, седнете си.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ама не сум завршил.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашавте,нели?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Не сум прашал.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако не сте прашале, ајде прашајте, ама прашањето е поставено.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Неможам да прашам, постојано ме прекинувате.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Не, не вие развивате тука тези за интерпелација. Поднеси интерпелација ќе расправаме.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Не, вие многу се плашите од интерпелација.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Не, не, не.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас не сум спомнал...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од ништо не се плашам веруј ми.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

Ама не сум спомнал интерпелација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само невозможно е сега да зборувате...

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ама ако се плашите ми верувате ли дека нема да има интерпелација...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете ја сега забелешката.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Тоа ви ветуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, веднаш. Одете си, кога ќе поднесете интерпелација...

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Не може да се расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, да.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Нема интерпелација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви го одземам зборот.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Неможете да ми го одземете зборот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, ви го одземам.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

Неможете. Еве, деловнички неможете да ми го одземете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може, може.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Не можете...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Те опоменав...

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Две опомени...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве, уште една.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

За што?

**СТОЈАН АНДОВ**:

Да, незнам зошто сте дојдени.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ**:

За деловнички.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За деловничка забелешка.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Еве...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, па кажете ни.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Еве, членот 127...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама неможете вие овде теории да развивате. Тоа е друга работа. Кажете ја забелешката, инаку веднаш ќе одите.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Сослушајте ја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не нема да ја дослушам. Кажете ја. Нема што да ми кажувате прикаски овде. Кажете ја забелешката. Ќе ви одговорам на забелешката.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Вака. Поименично гласање се врши...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оставете го деловникот ќе го прочитаме кога треба. Кажете ја забелешката. **ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Забелешката е бидејќи, вас, еве, во директното прашање до вас, лично, кажете ми член од деловникот, еден член во деловникот, во овој деловник на Република Македонија во кој пратеникот треба да вика од место - се сомневам во начинот на гласање. Кажето го членот на основа на кој градевте тука конструкција за да го спречите поединечното гласање минатиот пат. Ако ми докажете така ние така ќе постапуваме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сега напуштете ја говорницата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ама, може ли да ја докажам реченицата?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Абе напуштете ја говорницата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Вие ќе ме бркате...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, се разбира. Јас бркам и давам збор.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

А може ли...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ми го поставивте прашањето ке ви одговорам.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Не сум го завршил прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како не. Еве сега поставете го прашањето.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Го завршувам прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде завршете го.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Барам објаснуваше за тоа во кој член го најдовте тоа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, добро, еве...

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

...да барате...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви објаснам. Ајде. Готово е сега.

(Пратеникот Златко Стојменов се смее)

Сакате ли да ви објаснам или не.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Да, да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш, напуштете ја говорницата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Претседателе, невкусно е да викате и да сте нервозни. Ова е дискусија. Пленарна...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е дискусија ова.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ако сте нервозни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не. Господ да чува не сум нервозен. Сакам само...

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Очигледно не сте нервозни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви кажам, ова не е дискусија. Ова не е дискусија.Ова не е учество во претрес. Ова не е расправа. Ова не е расправа. Едноставно, ако има забелешка ќе ја формулираш забелешката, за тоа ќе му се одговори Добро.

Господин Златко Стојменов, постави една забелешка, прашање да му се објасни како јас знам за што ќе се зборува, пратеникот кога веќе притиснал.

Знаете салата е мала. Вие сами свикавте дека процедурално сакате минатиот пат. Процедурално неможе, затоа, во текот на гласањето. За тоа може, ако се јавите, пауза да направиме. или, ако се јавите дека имате изразено сомневање во резултатот. По тие два основи може да се сопре процесот на довршување на гласањето, со констатација. Не може додека трае процесот на гласање процедурални интервенции и тн. Затоа и не му дозволив и сега на господинот Анушев процедурална интервенција кога е процес на гласање во тек. Тоа е невозможно.

Според тоа, процедуралните интервенции се после или пред гласањето и тн.Во

гласањето се можни само две интервенции. Или пауза се бара пред констатацијата или се бара, се изразува сомневање. И, како што можете од таму да ми се исповикате дека барате процедурална интервенција можевте да кажете дека изразувате сомневање во гласањето. Тоа не го сторивте.

Меѓутоа,и покрај тоа, (реакција од пратениците од ВМРО-ВМРО) сакате да ви објаснам, ве молам, ќе ви објаснам.Не е оваа работа едни на други да се лутиме. Туку, да се објасниме. И покрај тоа што не баравте, не изразивте сомневање после паузата што ја побаравте, а кога побаравте пауза ви дадов пауза, кога побаравте пауза сепак ви дозволив овде да изразите сомневање. И изразивте сомневање. Баравме од пратениците да ве поддржат 10, не ве поддржаа. Ве поддржаа 8. Деловнички вие немавте право. Јас нема зошто и нема налог, немам услови да спроведам поединечно гласање.

Сега, вие, ако сакате да се натаму расправате можете да се расправате но тое е друга постапка. Се поднесува интерпелација, ќе разговараме овде, незнам што ќе правите и тн. Меѓутоа, за ова прашање завршивме.

Да, одиме понатаму.

Има збор Љупчо Анушев, процедурално.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, колеги пратеници,

Знаете што, овде сме свесни сите што се зборува и што се прави. Јас ви упатувам вам претседателе и на колегите од ВМРО-ДПМНЕ, има едно правило во животот, ако за нешто не си кадарен да го направиш, не го ни почнуваш. Немојте со вакви манипулации и ситни трикови да го рушите достоинството и наше и на Парламентот. Ако сте ветиле нешто, ако цврсто стоите до тие ветувања што сте ги ветиле, немојте да правите вакви НЕШТА да не кажам глупости во кои што и сите ние сме инволвирани и ни се смее и народ и свет. И во поразот постои достоинство. Јас толку имам да кажам.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова нема никаква процедурална страна. Ова е укажување. Фактички си кажува едно свое политичко гледиште. Мислам дека тоа кажува свое политичко гледиште. Мислам дека тоа може во говор, кога ќе продискутира за такво нешто, да си земе збор. Тоа нема врска. Никаква процедурална интервенција.

Не ги злоупотребувајте, ве молам. (Реакции од страна на пратеници со дофрлања.) Никаква процедурална забелешка ова не е. А, јас само морам да ви кажам и инсистирам на тоа да се држиме до деловникот и само во согласност со деловникот можеме да излеземе од ова.До сега работевме по деловникот, ќе продолжиме и натаму да работиме. Јас никому ништо господине Анушев не сум ветил ниту имам намера да ветувам. И вам не сум ви ветил ништо, се разбира.

Доста сега. Ве молам, престанете.

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе,

Јас сум изненаден од тоа што се применуваат различни мерила или аршини.Ние имавме едно барање за поединечно или поименично гласање околу амандманот IV. Тогаш настана збрка. Наводно не било тоа слушнато кај вас или наводно другите, посебно од ВМРО-Вистинска на несоодветен начин се пријавиле.

Како и да е, после паузата јас сметав дека безпредметно е да се гласа поименично. Овој пат останува нејасно пак како господинот Абдурахман Алити доби збор, бидејќи пред да почне денешната седница јас разговарав со вас. Вие ми кажавте дека нема начин да се добие збор пред да почне поименичното гласање. А сепак господинот Алити доби збор. При тоа, ве набедив и вас за кршење, односно за злупотреба на позицијата каде што сте, затоа што својот личен став сте го изнеле од тоа место, а не од говорница или од било кое друго столче.

Ако сме доследни, тогаш и вашето изјаснување при поименичното гласање од тоа место, како ќе гласате, може да се смета како притисок врз пратениците. Така што и ова гласање сега што мина, а го потврдивте со 63 или со 65 гласови, еднакво е невалидно. Вие сте вршеле опструкција, изјавувајќи политички став од местото каде што е претседателот на Собранието.

Мислам дека се нафрлија неколку дилеми од петокот наваму. Потребно е да ги расчистиме. Колегата Стојменов сосема упатно се обиде околу тие нешта сега да каже, прецизно како ќе се настапува понатаму.

Ако пратеничка група може дури и во тек на гласање да побара прекин на работата на Собранието тоа мора да биде познато така. Мора да видиме кои се тие пратенички групи кои смеат да побараат прекин и притоа да им биде одговорено поволно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека тука веќе нема ништо јасно. Нема забелешки за кои не дадовме објаснение или одговор. Ако некој уште некоја забелешка има, ќе ја дадам тогаш на изјаснување на Собранието. Веќе ми е доста од префрлања. Секој кому не му е направен ќејфот, сака да го окриви претседателот. Така таа работа не оди, да ви кажам право. Собранието си работи по својот терк и така ќе работи и понатаму.

Молам, уште господинот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Јас морам да реагирам за начинот на спроведување на деловникот на Собранието за кој сме должни сите да го почитуваме, од страна на претседателот.

Како прво, господинот Стојменов излезе да ги прочита членовите од деловникот што се прекршени. Ние, да реагираме деловнички на повреда на процедурата што очигледно е повредена со цел да се протура некој политички договор, должни сме да ги прочитаме членовите што се прекршени од деловникот.

Друга работа, сега господинот Вејсели побара пауза и тоа не за да се посомнева во гласањето, туку за да се собере кворум за да се протурка некоја политичка одлука. Тука ние, една легитимо донесена одлука во однос на членот што сега повторно беше прегласане, ја повративме назад и правиме преседан.

Во иднина, секоја пратеничка група може да го злоупотреби ова прекршување на деловникот, со цел, со политички притисоци во ходниците да направи она што сака. Така што оваа одлука што ја донесовме е нелегитимна и тоа мора да го кажеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво е сосема легитимно да изрази сомневање во гласањето,за тоа има право и се спроведува поединечно гласање. Тоа е со деловникот предвидено и е пропишано. Така е и направено. Што се однесува за тоа дали некој бара пауза, заради тоа да изготви промена на ставот на некого или бара пауза да провери дали навистина треба да изрази сомневање во гласањето, да види дели некој во листингот не е тука а го нашол како гласа, па да изрази сомневање, тоа е негово право и тоа е политичка конседирација. Како ќе размисли тоа е. Негово право. А, исто така е и ваше право да се буните зошто некој го променил ставот. И јас не сум задоволен што некој го променил ставот, но тоа е право на пратеникот да гласа така. Тоа е негово право. Тоа е една работа.

Второ, јас, не констатирав и господинот Стојменов не кажа овде дека сите тие членови што ги прочита се прекршени, туку дека врз основа на тие членови не произлегува така како јас ја водам седницата. Бидејќи вие мислите дека рекол дека тие се прекшени членови, јас сега го поставувам прашањето дали господинот Стојменов има право во тврдењето дека се прекршени членовите на Деловникот што тој ги наведе. За тоа треба Собранието да се изјасни, бидејќи спорот остана.

И, ве молам да гласаме. Тој го тоа...

Молам, што е сега еве, добро, господин Стојменов има уште нешто да каже.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе,

Сега ќе бидам наполно краток. Ви укажувам на член 103 од Деловникот дека делегатот говори, по правило, од говорница, без разлика дали салата е мала или голема. И на тој дел од Деловникот, така што нема потреба од гласање, се е јасно што е направено и како е направено.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го повлекувате ли приговорот, јас ви објаснив, го повлекувате ли приговорот?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Вие не објаснивте господине претседателе...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не го повлекувате.

Добро.

Го давам на изјаснување на Собранието.

Кој е за приговорот (реакции во салата) ќе си гласа кој е против и тн., ве молам да гласаме.

(Реакции во салата со барање објаснување за што да гласаат).

Приговор има господинот Стојменов дека е повреден деловникот.

(Реакции во салата).

Молам, ве молам, така е по деловникот.

(Реакции во салата)

Нема сега натаму. Нема друго.

Молам, да се гласа.

Молам, да се гласа.

(Реакции од пратеници)

Тишина, нема да му одговара никој. Никој не може да му одговори.

Молам, да гласаме.

(Пратеници бараат збор).

Нема пред да гласаме. Готово е.

Ве молам да се гласа.

(Реакции од пратениците. Одделни пратеници бараат да објаснат за што ќе се гласа).

Знаат добро. Кажав добро.

(Реакции во салата).

Не викај од таму.

(По извршеното гласање)

Значи, само 50 пратеници гласале.

Ве молам...

(Бурни реакции во салата)

Нема што да формулирам. Дека е повреден деловникот во оваа постапка. Тоа е тврдењето на господинот Стојменов. Вие го слушавте.

Ве молам да се гласа.

(Реакции во салата).

Кој е за, кој е против тврдењето на Стојменов?

Според тоа,вкупно гласале 70 пратеници, 12 пратеници гласале за, 8 се воздржани, 50 се против.

Тврдењето на господинот Стојменов е отфрлено.

Продолжуваме со работа.

Текстот на нацртот на Амандманот VIII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

(Барање од пратеници да се изјаснат како ќе гласаат). Да, може.

Ве молам да се сопре гласањето.

Ве молам господинот Горѓи Тодоров, сака да каже како ќе гласа.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Видете господине претседателе, јас барав претходно, додека траеше дискусијта на господинот Златко Стојменов. Вие не водите сметка за екранот кој ви се пријавува се. Моето барање беше за тоа да укажам дека барањето за поединечно гласање е исто така дел од процедуралното работење на Парламентот што го укажа и господинот Стојменов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Готово, по тоа се изјаснивме.

Дали сакате да кажете како ќе гласате.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Ама видете, јас барав пред тоа. Вие не ми дадовте глас...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема пред тоа. Собранието гласаше за тоа и го отфрли тој приговор.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Ама, без разлика дали гласаше Собранието, бидејќи вие можете

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, молам, молам...

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

...вакви грешки и понатаму да правите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, молам. Имате збор ако кажете како ќе гласате.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Јас кажав дека барам за претходната дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема претходната. Зошто? Тоа е ликвидирано.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

И, ќе ве замолам во иднина...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се изјасни Собранието за тоа.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

...да гледате добро на екранот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да. По тоа прашање се изјасни Собранието и немате вие посебно право да...

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

... и да водите. И, бидете парламентарен. Немојте да бидете диктатор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, неможете вие да ја водите седницата.

Ако сакате да кажета како ќе гласате, повелете.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Господине претседателе, сакам да кажам дека...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако не, исклучете го господинот Тодоров...

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

...треба да гледате на екранот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исклучете го ве молам.

Молам, молам.

Има збор гсоподин Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господинте претседателе, дами и господа,

По кое правило вие ова го ставивте на гласање. Не може се што ќе ви текне да ставите на гласање.Дали сте во право или не е. Има деловник што се чита и е закон за сите во Собранието, најповеќе за вас. Како може да гласам?

(Реакции во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе го прочитате деловникот ќе ви биде јасно. Господин Златко Стојменов има збор.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Дали поминавме на амандман VIII?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да на амандманот VIII.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ќе ги искористам моите деловнички 5 минути, веројатно и тие нема да ми ги укинат со гласаше во Собранието. Можеби претседателот на Собранието ќе донесе одлука да не зборуваме повеќе (реакции во салата, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Што се однесува до амаднманот VIII сакам да го искористам моето" деловничкот право, да кажам како ќе гласам, бидејќи се работи за симболите со кои (реакции во салата) претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да гоислушаме господинот Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Во делот што е за употреба на симболите на заедниците. Заедниците го употребуваат симболот на својата заедница.

За мене, како пратеник и за дилемата како ќе гласам не е спорно дека, иако не се за мене неприфатливи зборот заедници, посебните етнички групи во Република Македонија, онака како што ќе ги нарече во Уставот,сега засега, народот и националностите да ги употребуваат своите симболи и симболите на својата заедница и тоа е апсолутно демократско правило кое важи и една состојба што ја има во сите напредни земји и е во ред.

Меѓутоа, она што останува дилема во Амандманот VIII, за мене, зошто нема да гласам за него, тоа е следното, сепак сметам дека во Амандманот VIII не е дефинирано дека симболите на овие заедници треба да се употребуваат заедно со симболите на државата, односно симболите на државата, државните симболи што сметам дека во уставното решение треба да биде одредба.

Втората работа, за мене симптоматична, тоа е дилемата што сепак е оставена како можност во Уставот а не е регулирана на друго место, дека симболите сепак треба да бидат различни од симболите на други држави, односно посебно на соседните држави, бидејќи ако не стои државниот симбол на Република Македонија и ако се тоа еднакви симболи на некоја од државите, тоа сугерира на територијалност и легитимитет на друга држава не на дотичната држава.

Сметам дека овој амаднман во потполност треба да се поправи во тој дел и затоа сметам дека и колегите пратеници треба да размислат уште еднаш за овој амандман и не смееме во ваква форма да го пуштиме во понатамошна процедура. Евентуално, можеби треба да се размисли за овие моменти да се стави некој компромис во кој ќе можат симболите да се употребуваат, мегутоа со овие моменти што ги набројав.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Вангел Симев

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници.

Господо пратеници или воопшто не ги читате амандманите или воопшто не сте заентересирани за опстанокот на државата...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да се обраќате на другите. Само вие треба да кажете како ќе гласате. Дали другите читале или , не , готово е заврши таа работа, сега не може. нема расправа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Сакам да кажам нешто по првата точка:"Припадниците на заедниците ", конкретно се задржувам на амандманот од точката еден, нагласувам "припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат , развиваат својот идентитет и особините на своите заедници да ги употребуваат симболите на својата заедница". Ќе Ве молам господо пратеници, со овој амандман се сака свесно да се уништи од корен макеоднскиот народ и државните интереси на македонската држава. ога зборуваме за заедници, тие постоеле само во првобитните заедници. Денес , господо, постојат само држави и народи. Со овој амандман се сака да се истоповети заедница со македонскиот народ. Дали македонскиот народ го стават во ист кош со заедниците. Дали може, морам да бидам вулгарен, дали може да мешате баби и жаби или да мешате вода и сол. Тоа значи дека малцинствата не можата да се истоповетат со макеоднскиот народ. Пример, морам да ви кажам, постојат два вида на малцинства. Малцинства кои живееле со векови на своите етнички територии како што се макеоднците кои живеат во Албанија, во Грција и во Бугарија, ќе можат да се наречат народи и заедници. А, малцинства кои се дојдени на туѓи територии за подобар живот, за парче леб не можат да се наречат народи. Тоа право да се нарекуваат народи го немаат. Тоа право го нема никој да му го даде. Секое давање на такво право е злоупотреба на Уставот и предавство на макеоднските државни интереси. Затоа треба да внимавате што гласате и како гласате.

Со ова сакам уште еднаш да искажам дека ќе гласам против.

Благодарам за вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Г-дин Горѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ;**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, во овој амандман нема задолжителн став дека треба да се истакне прво државното знаме т.е. симболите на РМ, грбот и знамето на било која манифестација , која што ќе ја одржуваат малцинствата во РМ. Во овој амандман , како што реков, припадниците на малцинствата можат да ги истакнуваат своите симболи, значи грбот и знамето, но пред се, треба да се истакне знамето и грбот на РМ, па до нив да се истакнат другите национални обележја.

Бидејки, денеска сме сведоци во РМ дека на разни манифестации се истакнуваат малцинските обележја, а го нема обележјето на РМ. Лоша слика е, лош впечаток се остава пред меѓународната јавност дека станува збор за некоја манифестација коај се одржува во друга држава, односно бидејки станува збор за албанското малцинство при разни обележја , ги

истакнуваат обележјата на Република Албанија, знамето на Република Албанија и живи сведоци сме дека се истакнува американското знаме, знамето на НАТО, знамето на ЕУ, а за жал го нема знамето на Република Македонија.

Затоа, ги замолувам за овој амандман да не гласаат пратениците како што е даден во ваква форма, бидејки ќе имамем злоупотреба и лош впечаток, тоа е растурање на РМ како држава, бидејки обеележјето е тоа што не обединува и ги краси сите граѓани во РМ , осввн макеоднците. пред се, ако сме лојални граѓани на оваа држава, ако ја сакаме оваа држава, треба, прво , да се истакне знамето на РМ односно обележјето на РМ и покрај нив да се истакнат обележјата на малцинствата. Инаку, за овој амандман нема да гласаме, се додека не се преформулира . Затоа добро размислете што ќе правите при ова гласање.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Уште еднаш укажувам кога некој зема збор да каже како Ќе гласа, треба да кажува и да наведува аргументи зошто така Ќе гласа, бидејки тоа е Негово право. Но, не да ги повикува другите и да ги убедува. Во фаза на гласањето тоа не е допуштено од никого.

Г-дин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, колеги, јас незнам дали имаме и претставници од Владата, ког агледам Дека има, тогаш велам и членови на Владата.

Материјата на овој амандман е чувствителна, а јас своедобно се изјаснив како е можно да се расформира макеоднската држава, веројатно, јас тогаш бев многу благ, дури и принципот на мнозински избор на пратеници во Собранието го сметам за битен опстој. А, Сега имајки го предлогот за обележја на заедницви, воопшто самиот поим етнички, национални или какви да се заедници е деликатен за пстојвуање на македонската држава. Јас сметам дека ова е веќе краен рок да се прекине со имплементирањето на договорот, кој не носи светлина ниту иднина. Јас за овој амандман, нема да ја дадам мојата подршка и со оглед на тоа што при неколку, еве ова би бил трет обид да се стопираат амандманите, ако и понатаму тоа оди, јас не гледам воопшто содржина да присуствувам на гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Амди Бајрам.

(Грешка)

Ако е грешка , за збор се јави г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

г-дине претседателе, дами и господа, го користам деловничкото право да се изјаснам како ќе гласам по однос на овој амандман. Ќе гласам против овој амандман од овие причини. Бидејки, со овој амандман немаме никакво подобрување на човекови права, а интенцијата на сите нас тука за уставните промени беше таа формула "човекови права", затоа што со овој амандман не се добива ништо, освен атрибути на државност на национална група и со тој амандман и понатаму се разградува државата Македонија.До колку, беа внесени во амандманот некои забелешки што претходните дискутанти ги кажаа и доколку беше поинаку формулиран, веројатно, сите ќе најдевме некој заеднички јазик. Сите држави во светот, сите граѓани на тие држави се собираат под едно знаме. Со ова, ние дефинитивно прифаќаме расцеп на државата. Тоа не може да го гласаме барем со чиста совест, без да имаме некои други одредници кои со овој амандман се губат. Бидејки, Уставот е врховен правен акт на една земја, се знае дека сите закони , тука и Законот за употреба на знамињата, со овој амандман паѓаат во вода. Се знае, кога имаме две правни норми, секогаш прва е уставната.

Јас не можам да прифатам македонското знаме да не се вее над целата територијата на Република Македонија, а со овој амандман тоа се и озаконува. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас сакам да го искористам моето делосничко право и да кажам зошто ќе гласам за. причината е едноставна , ќе гласам за, затоа што сакам да му го почитувам правото на предлагачот на овие амандмани во јавната расправа што ќе следи после нашето давање на виза во оваа фаза на постапката , да изврши одредени корекции на укажувањата што му ги кажавме ние во Комисијата за уставни прашања во оваа фаза на расправата што ја имавме пред Собранието и што ќе ги добие укажувањата од граѓаните и од другите институции, владини, невалдини или научни институти и т.н., за да може во таа завршна фаза , сепак, да го дадеме својот конечен суд. Ништо ние во овој момент не губиме, ништо во вооj момент не продаваме. Ние само ја канализираме процедурата да тече онака како што е предвидено според Уставот. Од тие причини ќе гласам за. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Мирчевски Звонко.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Ја користам оваа можност да кажам дека ќе гласам против овој амандман со кој што се заменува членот 48 од постојниот Устав на Република Македонија во кој што сосема доволно и добро е регулиран начинот на употребата на знамињата. Каде што пишува "припадниците на националностите имаат право слободно да ги

изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености. Исто така, Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите. Припадниците на националностите имаат право да основаат културно уметнички институции, научни и други здруженија, заради изразување, негување и развивање на својот идентитет. Припадностите на националнсотите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон во училиштата во кои образованието се одвива на јазикот на националностите се изучува и македнскиот јазик". Јас мислам дека во Уставот , во постојниов Устав сосема добро е регулирана оваа проблематика и од тие причини ќе гласам против амандманот 8. Благодартам.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Благодарам.

Г-дин Ѓорѓи Котевски

Додека е гласањето ги молам пратениците да си седат и да издржат овде во салата.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ;**

Почитуван претседателе, елементарно право е на пратеници кој сака ќе седи, кој не сака не мора да седи.Тие се избраници на народот и не мора постојано да им се сугерира, седете или излезете. Мислам дека секој совесно треба да си ја извршува својата функција како пратеник.

Почитувани пратеници, излегов со една намера. Има работи за кои во овие измени можеме да ги прифатиме по било која основа. Меѓутоа, внимавате и читајте добро, или да ги прочитаме добро има работи кои не соодвествуваат ни со меѓународното јавно право , ниту со меѓународните договори или други конвенции кои се донесени во светот.

Многу опасен преседан правиме. Ако нешто прифаќаме, а што го нема во тој меѓународен и сеопшт миг во кој се стреми светот, со кој се сака да се стави ред околу малцинските права, околу нивните права во одредени земји во светот, од одредена терминологија што се употребува во светот и во тие конвенции и во Повелбата на Обеднетите нации, ве молам, има работи за кои навистина треба подлабоко да се замислиме.

Јас прифаќам од Чедо Краљевски, доколку смета дека е добро да се прифати овој дел или овој амандман, меѓутоа, ние деновиве ќе имаме и расправа , незнам и дали тогаш ќе имаме право лице да проговориме овде, дали од точка до запирка нешто треба да се менува од тој Рамковен договор и да не испадне дека ние ќе правиме само јалова расправа, па после овде да се соочиме со некои клучни прашања и дилеми. Мислам дека таа работа треба совршено да ја расчистиме за да имаме чиста совест и да знаеме како да гласаме.

Јас, инаку за овој амандман навистина ќе гласам против, затоа што на мала врата ни се става терминологија која воопшто не треба да фигурира во ниеден Устав. Уставот на една држава е премногу сериозна работа ,за да можеме ние да правиме ваква импровизација и да правиме една ваква конструкција на реченици.

Ве молам, доколку има научна јавност, јас не сум толку компетентен , можеме слободно да погледаме и да видиме, не може се да се сведе на чопоративен дел. Ова го потврдувам , со тоа што навистина Меѓународната заедница се стреми кон нешто , има општа терминологија и треба да се држиме до таа. Инаку, ќе влеземе во друг ќор сокак, кој никогаш ќе нема крај и ќе има вечит тунел во Република Македнија. Јас од тоа се плашам. Ако сите работи ни се јасни , верувајте дека со чиста совест и јас лично ќе гласам. Меѓутоа, во еден највисок акт во државата , од кој после ќе произлезат и други закони во локалната самоуправа, во културата , во образованието и т.н., премногу е ноншалантно така да се однесуваме. Затоа, јас ќе поставам една брана и овој пат нема да гласам. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Значи јас имам право да ги повикувам пратениците да влезат во салата, и да учествуваат во расправата, да седат да се почитува редот и да гласаат. Јас на никоко не му кажувам какода гласа. Меѓутоа, треба да влезат и да гласаат, затоа се пратеници.

Бидејки никој нема понатаму да објаснува, текстот по нацртот на амандманот 8 на РМ , го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 98 пратеници, за гласале 69 пратеници, воздржано гласале 2, против гласале 27 пратеници.

Констатирам дека Собранието на РМ гоутврди нацртот на амандманот 8 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на нацртот на амандманот е на Уставот на РМ го ставам на гласање.

Г-дин Трајко Гешовски. (Грешка)

Г-дин Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитувн претседателе, почитувнаи дами и господо пратеници,

Овој амандман е е поврзан со преамбулата. Можеби ќе ми забележи претседателот и ќе ми каже дека тоа можете да го кажете пред да се донесе преамбулата, пред да се изгласа. Јас ќе ви одговорам дека вие знаевте дека однапред ќе биде прифатено и сега ја менувате само формата, а содржината останува иста. Содржината е предавство на македонските државни интереси, на македонскиот народ, а

формата само ја менувате. Ако нешто ми остана од Марксизмот, тоа знам, менувајќи го гравот штом се посади, исто останува грав, само ќе ја смени формата. Од гравче кое има полумесечина , ќе стане форма на дрво и ќе се разграни. Морам , прво, да го прочитам амандманот и да ви кажам зошто ќе гласам против.

"Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историските , уметничките богатства на Македонија и на сите заедници во Македонија, како и добрата кои ги сочинуваат, без оглед на нивнито правен режим". Со овој амандман содржината, како што напомнав, останува иста, само од корен се менува вистината. Запамтете, од корен се менува вистината и тоа:

Прво, се брише македонскиот народ, а се заменува со зборот " Македонија". "Македонскиот народ", е заменет со зборот " Македонија"

Второ, се брише зборот " националности", а се заменува со зборот " заедници". Повторно се враќаме во првобитната заедница. Се брише зборот " македонски народ", а се заменува со " мнозинско население". Ние не сме мнозинско население, ние сме макеоднски народ. Македонскиот народ некаде се заменува со зборот Македонија, а некаде со мнозинско население. Значи се прави една турлитава каде што се има за цел да се омаловажи Уставот и да е омаловажи македонскиот народ и макеоднските државни интереси.

Од тие причини ќе гласам проттив овој амандмна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ;**

Мислам дека овој амандман не би требало да се усвои од причина што поранешното решение во Уставот мислам дека е по прецизен , бидјеки овде вели дека историското и уметничкото богатство на Македонија и на сите заедници во Македонија, како да е ова надвор од Македонија заедниците, па едно е богатство на Македонија, а другото на заедниците.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ**:(продолжение)

Мислам дека подобро решение имаше во досегашниот Устав на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Горѓи Тодоров.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Сакам да го изнесам моето мислење, да кажам дека ќе гласам против овој амандман, затоа што овој амандман како и останатите не е добро формулиран и дефиниран и некои работи се прелеваат, недоволно јасно што е што, а што се сака.

Од оваа говорница, г-дине претседателе, вие и останатите , особено координаторот на ВМРО-ДПМНЕ кажа дека во оваа фаза ќе го дадеме гласот "за" за да има можности нешто да се промени. Јас мислам и барам овде да ми се објасни дали сите забелешки од страна на народот односно од македонската јавност односно на граѓаните на Република Македонија што ќе бидат истакнати на јавната расправа ќе бидаст вметнати во овие амандмани или тоа е само фарса, односно фрлаше прав в очи пред македонската јавност од оваа говорница .

Барам да ми се одговори на ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема прашања сега. Вие си го кажавте вашето мислење како ќе гласате. Нема прашања во оваа фаза.

Бидјеќи никој друг не сака да се изјанси, текстот на Нацрт амандманот IX на Уставот на РМ, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 94 пратеници, од кои 64 гласале за, воздржано 1 и против 29.

Констатирам дека Собранието на РМ, го утврди Нацртот на амандманот IX на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацрт амандманот X на Уставот на РМ, го ставам на гласање.

Има збор Вангел Симев, кој сака да објасни како ќе гласа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, кога си дозволивте овој амандман да помине така лесно без дискусија, очигледно дека воопшто не сте заинтересирани за државата или ви е сеедно што ќе се донесе. Срамно е на следните избори да излезете на избори, да се појавите и вие од СДСМ, а и вие од ВМРО-ДПМНЕ. Срамно е. Ќе ви кажам зошто.

Точка 1: "со овој амандман X за закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите Собранието одлучува со мнозинство на гласови од присутните пратеници", нагласувам, "при што мора да има мнозинство на гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство население". Со други зборови, албанското малцинство треба да одлучува за највиталните интереси на македонската држава. Со ова големо право што им се дава на малцинствата каде ќе ги бараат македонците своите права.

Ќе ве молам претседателе, првата клупа нека биде потивка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тишина.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе ве молам г-да, ова е многу важен амандман.

Со тоа значи ќе немаме никаква контрола, малцинството ќе има можност доколку некој закон треба да се донесе, тие нема да гласаат никогаш повеќе од половината, туку ќе гласаат еден или двајца и ќе бидеме принудени, зборувам за македонскиот народ, за пратениците кои треба да ги штитат македонскиот народ и државните интереси на македонската држава, бидејќи македонскиот народ албанците не сакаат да го штитат како малцинство, мораме ние македонците да го штитиме бидејќи нема кој да го штити. Никогаш н е ќе можеме да донесеме одлука, затоа што тие никогаш нема да бидат во можност да гласаат повеќето од половина. Тоа ќе значи, ќе бидеме принудени да бидеме уценувани или да бидат подмитувани некои од нив или некои други отстапки да се прават. Ако тоа го прифатите, однапред потпишувате капитулација на Македонија, однапред им давате привилегии да одлучуваат за македонските државни интереси. Следејќи дека сите зборувате додека јас сето ова го објаснувам, г-дине Спасов, вас ништо не ве интересира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можете да се обраќате на поединци, сега е фаза на гласање.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Фаза на гласање е, многу е битен овој амандман. Кога се работи за интересите на државата, воопшто не сте внимателни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ќе си кажете само за вас.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Јас ќе ви кажам дека не постои ниедна одлука каде што можеме македонските пратеници да ја донесеме од виталните интереси. Значи, со виталните интереси ќе раководи исклучиво албанското малцинство.

Благодарма, јас ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Овој амандман мислам дека е преобемен, непрецизен и тешко применлив, бидејќи опфаќа области, а не закони.

Овој амандман ќе го поврзам со амандманот XVI каде е прецизирано кои закони се донесуваат на ваков принцип, со вакво мнозинства па мислам дека предлагачот треба да има предвид да определи закони кои ќе се донесуваат на ваков принцип, а не области, бидејќи имаме примери во досегашната практика и за административни такси да се наоѓа дека се работи за оваа или за онаа заедница. Мислам дека тоа ќе се има предвид и ќе се стави во еден амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Горги Тодоров.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги пратеници, на дневен ред на расправа е амандманот X. Јас ќе гласам против. Зошто? пред да објаснам, сакам да го прочитам амандманот, за да и биде јасно на мамкедонската јавност за што станува збор во оваа дискусија. Амандманот како што е предложен гласи:

"За закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство од гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во РМ"

Значи, се вели "заедници кои не се мнозинсмко население во РМ", значи ни зборот македонски народ не се спомнува. Зарем треба да гласаме за еден ваков амандман.

Понатаму: "Спорот во врска со примената на оваа одредба го решава Комитетот за односи меѓу заедниците". Овој дом е највисок законодасвен дом во РМ, зарем може ние да си ставиме некој над него да одлучува, тоа да биде Комитет за некакви си заедници. Се поставува прашање кои се тие заедници,каде има ваква одредба во било кој Устав во Европа или светот. Значи, со ова не се прави интегрирање на сите граѓани во РМ, ова е дезинтегрирање, сепарирање, делење, не е соживот. Соживот е заеднички живот. Ова е сепарирање, ова води кон дезинтегрирање.Соживот е ако сите граѓани во Република Македонија, без оглед на нивната етничка припадност, од градинка па до академија, учат заедно во едно исто школо на службен државен јазик, се знае кој е.Значи тогаш сме за соживот. Овде колегите албанци зборуваат за сожителство, едно веруваат друго прават. Од тој аспект мислам дека ние македонците треба добро да обрнеме внимание.

Од оваа говорница се кажа дека ова е втора фаза, а во третата фаза ќе има јавна расправа и ред други работи. Како што одат работите сега, како што гледаме дека ова однапред е договорено, чисто се сом-невам дека било која забелешка од таа јавна расправа пто ќе се одржи, а знак прашалник е дали ќе се одржи, дека било што ќе се гради од страна на граѓаните. Мислам дека ќе дојде таа треба фаза и ќе видиме, затоа, долго да размислиме што правиме со Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Текстот на нацрт амандманот X на Уставот на РМ, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Гласале 96 пратеници, од кои 68 пратеници гласале за, двајца воздржано, и 26 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на

амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Тесктот на Нацрт амандманот XI на Уставот на РМ, го ставам на гласање.

Дали некој сака да се изјасни?

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ**:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, Народниот правобранител должен е да ги штити уставните и законските права на граѓаните. Дали е така? Сите знаеме дека треба да биде така. Ако е така, тогаш нема да го поставите и да го политизирате на овој начин како што сега предлагате со овој амандман да се поставува Народниот правобранител.

Морам да ја цитирам првата точка од овој амандман, која гласи:

"Собранието избира народен правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници, при што мора да има мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Републиката".

Значи, повторно малцинствата треба да бираат Народен правобранител па господа, каде го има ова политизирање? Во кој Устав го има? Па Народен правобранител на овој начин ли ќе бираме? Оставете го еднаш на мира овој народ и ова судство. Оставете ги луѓето нека работат по закон.

За мене овој амандман е неприфатлив, а верувам дека и за сите вас треба да биде неприфатлив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Текстот на Нацртот на амандманот XI на Уставот на РМ, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето)

Вкупно гласале 98 пратеници, од кои 70 пратеници гласале за, 4 воздржано и 24 против.

Констатирам дека Собранието на РМ го утврди Нацртот на амандманот XI на Уставот на РМ,

Текстот на Нацртот на амандманот XII на Уставот на РМ, го ставам на гласање.

Господинот Никола Јованов сака да објасни како ќе гласа.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, веднаш да кажам дека за овој амандман ќе гласам против, од причина што и досега имаше тело за меѓунационални односи, кој се викаже Совет или така некако, сега се формира Комитет.

Може би може да се расправа и за бројчаниот состав на Комитетот, меѓутоа, во моментот тоа и не е толку важно. Според мене, највено е тоа што во алинејата 4 или 5 се вели:

"Во скучај на спор во врска со спроведување на постапката за гласање во Собранието, утврдено во точка 6 9 став 2, Комитетот од-лучува со мнозинство гласови од членовите за тоа дали ќе се спроведе постапката".

Тоа значи, или некакво на мала врата влегување на дводомност или пак со Уставот се формира некаков орган со поголема законодавна моќ од Собрнието, бидејќи ако го погледнете претходниот став, Собранието може да донесе одлука која е негативна во однос на мислењето на Комитетот, тогаш Комитетот го има тоа право да го изгласа таквиот закон и покрај спротивното мислење на Собранието. Значи или тоа е дводомност или се доведувѕа во прашање уставното уредување на држават а како парламентарна демократија и тоа треба јавно да се каже.

Уште еднаш *ќе* кажам, од овие причини ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Г-дине претседателе, колеги пратеници, ќе гласам против овој амандман. Веќе станува и небитно, меѓутоа, сакам да се изјаснам, бидејќи во предлогот во ставот 2, зборуваше колегата Јованов...

(Во салата долго време се слуша ѕвонење на мобилен телефон)

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ве молам, ако има некое чаре да се запрат телефоните. На некого му ѕвони телефонот, толку да е коректен кон другите да го исклучи.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Зборуваше колегата Јованов за бројчатаната застапеност. Јас токму на тоа ќе се осврнам.

(Во салата и понатаму продолжува ѕвонењето на мобилен телефон).

Ставот 2, вели: "Комитетот го сочинуваат по 7 члена, секој од редовите на македонците и албанците во Собранието и 5 члена од редовите на турците, власите, ромите, и другите две заедници.

Секој од петте члена ќе биде од различна заедница. Доколку помалку од 5 други заедници, се застапени во Собранието, јавниот правобранител во консултација со водачите на релевантните заедници, треба да се стави уште етнички заедници - ќе ги предложи останатите членови надвор од составот на Собранието".

Ова е за мене неприфатливо, бидејќи составот на Комитетот за национални односи вака проектиран и исконструиран не ја одразува вистинската состојба на теренот во РМ. Ако се однесува на бројчената застапеност,за амандманите за воведување втор јазик во РМ, би требало да се води сметка барем во овој Комитет да се задржи таа бројчана за тапеност. Сакам да зборувам сосема конструктивно, без емоции и

револт, меѓутоа, сметам дека е направен повторно оној принцип кој што се воведува на мала врата и сега веќе на голема врата на таканаречена,веќе не е ни т.н. , негативна дискриминација на македонските во Македонија визави Албанците.

Од тие причини, нема да го поддржам овој амакдман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ѓорги Тодоров.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги, и за овој амандман ќе гласам проитив. Зошто? Со овој амандман IX се заменува членот 78 на Уставот на РМ, и се брише алинеја 7 на член 84 на Уставот на РМ. За да биде појасно, сакам да прочитам некои делови од самиот амандман.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ**: (продолжение)

"...Собранието основа комитет за односи меѓу заедниците. Комитетот го сочитуваат 19 члена, од кои по 7 члена од редот на припадниците на Собранието, Макодонци и Албанци и по едон член од редот на припадниците на: Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Доколку некоја од заедниците Нема пратеници, народниот правобранител по конcултации со редовните претставници на тие заедници ќе ги предложи останатите членови на комитетот.

Собранието ги избира членовите на комитетот.

Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката и дава мислење и предлози за нивно решавање.

Собранието о должно да ги розглодува мислењата и предлозите на комитетот и да доносо одлука во врска со нив.

Во случај на спор во врска на спроведување на постапката за гласањето во Собранието утврдена во членот 69 став 2 комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите за тоа дали ќе се спроводе постапка".

Многу чудно. Ова асоцира на воводувањо на дводомон Парламент.

Во самиот амандман односно во текстот на амандманот самиот збор "заедница" Не е разјаснет во Рамковниот договор. Етничките македонци фигурираат во Рамковниот договор само на едно Место, во одредбата посветена на комитетот за односи Меѓу заедниците и тоа рамноправно со албанците. Велам рамноправно со албанците. Зошто Се рамноправно застапони незнам, но знам дека со пописот од 1994 година албанците во Република Македонија се 22,7%. Овде се борат за некаква рамноправна застапеност, а овде македонците се 68,70%, не се соодветно и рамноправно застапени во овој комитет. Кој цинизам овде ни се протнува од страна на малцинствата.

Сакам да кажам дека треба добро да се размисли дали Македонците се рамноправно застапени во тој комитет, бидејќи на овој комитет му се дава една друга улога. Тој се става над Собранието. Тој одлучува за одреден спор. Значи имаме дводомен Парламент, се воведува со ова. А ова штом се воведува е прввиот зачеток на федерализирање и понатаму дробење на Република Македонија.

Имено, со новите уставни амандмани се предлага правична застапеност на сите етнички заедници во јавните органи на сите нивоа и во сите сегменти на јавниот живот. Ова решение е најпогубното решение за идниот развој како на демократска и правна држава на Република Македонија.

Етничката заедница како колективитет го поттиснува граѓанинот како конституенс на државната власт и правото како регулатор на односите меѓу индивидуите.

Преку концептот на корпоративна држава ќе продолжи концептот на понтамошно дробење на демократската држава и нејзино слабеење. Не мора да дојде до промена на надворешни граници, но може да се појават нови внатрешни граници. Запомнете не мора да дојде до промена на надворешните граници, може да се појават нови граници, како што ги имаме денеска каде што претседателот после Групчин не семее ни да стапне, ниту јавниот правобранител, ниту јавниот обвинител. Денеска имаме токму тоа внатрешни граници во Репбулика Македонија. Зарем ќе гласате за тие да ги легализираме овде. Каде сте македонци?

Доколку сите овие промени бидат усвоени нема да се зајакне граѓанскиот карактер на државата, туку напротив се отвара уште поголем простор за разнебитување на опстанокот и развитокот на Република Македонија како граѓанска и демократска држава. Со предложениот амандман се форсираат елементи на мултиетничка држава, кое нешто го нема никаде во светот. Дајте ми еден пример каде што има мултиетничка држава. Имаме мултиетничко општество. Тоа е нешто друго...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поминаа вашите пет минути.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Сакам да кажам дека со ова решение не е добро и во овој комитет треба да бидат застапени само малцинствата и тоа од сите малцинства по еден член. Не треба мнозинството од македонскиот народ да биде застапено. Да им препуштиме на малцинствата сами меѓу себе да се справат со своите права.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Бидејќи дел од дискусијата г. Тодоров ја кажа нема да ја повторувам, нема да ве малтретирам бидејќи гледам дека на сите им е важно што побрзо да завршат со срамот што сакаат да го направат, само ќе се изјаснам како ќе гласам. Ќе гласам против.

Ќе гласам против овој амандман бидејќи тој е така концепиран, како заговор на две заедници против сите. Со овој амандман ќе биде важно во Републиката ако остане што мислат само албанците, делумно македонците и сите други се бришат, бидејќи така зборуваат бројките. Кажав г. Тодоров како е концепирано тоа тело.

Ако се работеше бројноста да биде аргумент зошто албанците да имаат седум члена, исто како и македонците, тоа не е точно бидејќи бројките зборуваат на друг начин. Значи само двајца ќе работат против сите. Со тоа се уништува концептот на граѓанската држава и дефинитивно се оди во ретроградни процеси кои ќе продуцираат нови проблеми, можеби нови проблеми од овој вид што денеска ги имаме, што сакаме да ги решиме со овие амандмани.

Се надевам дека предлгачот на амандманите, а знаеме кој е и по која иницијатива ќе го слушне гласот на народот преку расправата по овие амандмани и ако најде храброст, сила и осет за историскиот момент ги внесе можеби ќе направиме договор кој во иднина на сите ќе ни даде подобри предуслови за заендичко живеење. Вака влегуваме во една спирала на негативни случувања и со вакви амандмани ништо не се подобрува туку ќе се створат нови жаришта за нови меѓунационални судири во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој друг бара збор?

(никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, текстот на Нацртот на амандманот XII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале е6 пратеници.

За гласале 64 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници и против гласале 28 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот XII на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацрот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Господин Вангел Симев сака да каже како ќе гласа.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Како и претходните амандмани така и со овој амандман се сака да се политизира до крај Армијата. Место да се остави Армијата на адекватни стручни и способни луѓе да ја раководат се настојува безбедноста да се раструри во одбранбените сили на Македонија. Која е целта? Најпрво мора да кажеме што е целта на овој совет и што се сака да се постигне со овој амандман.

Советот ги разгледува прашањата сврзани со безбедноста и одбраната на државата Македонија. Кои се причините? Причините, пред да ги кажам кои се причините морам да го цитирам амандманот.

"Прво при именувањето на тројца членови досега ..." Ве молам претседателе обезбедете тишина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците за малку повеќе ред.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Бидејќи се работи за одбраната на земјата во претходниот Устав, пред да се предложат овие измени, беа именувани од претседателот тројца членови, а сега се предлага: "при именувањето на тројца членови претседателот ќе обезбеди состав на советот како целина соодветно..." тоа запомнете го добро" соодветно да го одразува составот на населението на Република Македонија". Што значи тоа "соодвето"? Дали значи компетентни личности, дали значи квалитет, дали значи мора да има од сите малцинства? Што е тоа соодветно? Ние ги изгубивме критериумите. Секаде се бара критериуми овде се бара соодветност. Па не може господо Армија, каде што се работи за највиталното.најчуствително нешто во државата вие да употребувате зборови "соодветно". Поради наведеното ќе се дојде до следните причини, а тие причини кои се.

Во тој состав ќе влезат неподобни граѓани од малцинствата каде што ќе треба да се одлучува за одбрана на татковината и ќе се носат погрешни решенија или ќе се вршат предавства, како што имавме можност и досега во ова несакана војна на предавства. Поради тоа ние мора да сметаме на последиците. Колку е лојално малцинството кое ќе влезе во овој состав. Никаде не стои, ниеден збор дали е лојално тоа малцинство а се работи за одбранбени системи. Се зборува за некоја соодветност, а за лојалност никаде не се зборува. Ќе ве молам најбитна е лојалноста ако веќе зборуваме за Армија. Вие воопшто никаде не ја споменувате лојалноста.

Земајќи во предвид се досега што се случи албанското малцинство воопшто не беше

лојално на македонските одбранбени сили. Како може да влезе во овој совет. Тоа е нонсенс, крајно неодговорен однос на предлагачот. Поради тоа јас сметам дека овој амандман не треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Ѕвонко Мирчевски.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, И јас се јавив да кажам дека за овој амандман ќе гласам против.

Присуствував на работата на Уставната комисија, ги знам сите дилеми што се јавија кај членовите и сето тоа влијаеше и јас да имам резерва и како и воопшто за целиот овој проект така да Ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодрам.

Текстот на Нацротот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија, го ставам на гласање.

(реагирање на пратениците од место)

Пратениците јас не можам да ги држам овде. Нека си влезат и нека си седат, сега е гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 89 пратеника.

За гласале 65 пратеника, воздржано гласале 2, и против гласале 22.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утварди Нацротот на амандманот XIII на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацротот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија, го ставам на гласање.

Господин Ѓорѓи Тодоров сака да каже како ќе гласа.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ**:

Почитувани колеги пратеници.

И за овој амандман ќе гласам против и на оваа говорница ќе кажам зошто ќе гласам против.

Овој амандман е краток и затоа ќе го прочитам во целост "со овој амандман се дополнува став 2 на член 104 на Уставот на Република Македонија.

Тројца од членовите се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население на Република Македонија".

Ова е надвор од демократијата која е практикувана и која се практикува во западниот демократски свет на која често се повикуваме. Ова е воведување на нешто ново кое што го нема никаде во светот. Тоа е консесуалната демократија што во практична смисла ќе значи блокирање на работата на Собранието на Република Македонија во иднина ако се изгласа вака како што е и по кој знае кој пат ова Собрание ќе работи непродуктивно, граѓаните ќе бидат изневерувани во поглед на тоа што со гласањето за пратениците очекуваат со секој нов состав во Собранието дека малку повеќе ќе се работи на економијата, на стопанството односно малку повеќе ќе се мисли за граѓаните односно ќе се работи на зголемување на стандардот, нови вработувања и ред други работи.

Наместо ние да се интегрираме овде сите под знамето на Република Македонија како македонска нација, како секаде во светот, сите кои што живееме во Македонија да сме македонци. Сите ние што сме пратеници сме пратеници на овој Парламент. Не може да каже некој дека овде е пратеник на некој друг Парламент. По таа логика сакам да кажам дека ние доколку сакаме да се интегрираме и мислиме за оваа држава треба самите себе да се надминеме и да застанеме да изградиме една демократија еднаква на западните демократии и да се посветиме малку повеќе на економијата и стопанството и да донесеме подобар економски стандард и живот за овие граѓани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Текстот на Нацротот на амандманот XIV на Уставот ...

Господин Ѕвонко Мирчевски се јави за збор.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Во однос на амандманот XIV, со кој што исто како и претходниот амандман се дава уставотворност фактички на дел од пратениците односно без партиципација на 13 пратеници од оние кои што не се чувствуваат како македонци не е можно, како во амандманот XIII кој што се однесуваше на Советот за безбедност, сега и во Републичкииот судски совет да не можат да бидат избрани судиите во Републичкиот судски совет без повеќе од 13 пратеници, односно повеќе од половината од тие што не се чувствуваат како македонци.

Од тие причини јас навистина не можам да го поддржам овој амандман и ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Да не го цитирам овој амандман бидејќи колегата Ѓорѓи Тодоров го цитираше јас ќе кажам она што тој не успеа да каже а е многу битно.

Бидејќи и со овој амандман се застапува консесуална демократија со други зборови се оди на шетета на македонскиот народ а се фаворизира само албанското малцинство. Што тоа значи? Секаде каде што се бара консесуално одлучување албанското малцинство ќе може да одлучи кои личности да дојдат. Со тие зборови многу лесно ќе можат да се одлучат да дојде личност која е корумпирана и наклонета кон нечесни афери. Такви личности нас не ни се потребни. Нас ни се потребни личности кои се истакнати во своите професии, личности кои чесно работат, личности кои се компетентни. Со други зборови нас ни се потребни истакнати правници кои си ја познаваат својата проблематика и не потпаѓаат под никакво туѓо влијание, туку потпаѓаат само под влијанието на Законот и Уставот. Затоа нема потреба од консесуално одлучување, малцинствата да одлучуваат за виталните интереси, по втор пат напоменувам.

Ние имавме можност со Министерството за правда, свежи ни сеќавањата, какви се предавства имавме. Затоа да не ни се повтори повторно, затоа добро размислете како ќе гласате.

Јас гласам против овој амандман.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Ја ќе бидам крато, бидејќи се работи за Републичкиот судски совет, морам да кажам дека мој впечаток од сите овие години на парламентаризмот на Република Македонија и во претходните парламенти, во овој Парламент, можеби единствена нишка што провејуваше кај сите партии, и кај македонците и кај албанците и кај сите други, во дискусиите, тоа е деполитизација на Републичкиот судски совет. Мислам дека таа тема е доволно експлоатирана на овој Парламент, ми се чини дури експлоатирана и при секој избор на судии, кога се наоѓаат на дневен ред на седниците на Собранието.

Сега, имајќи го предвид сето ова, сметам дека ваквиот член додатно го политизира Републичкиот судски совет. Значи, покрај ролитичкото влијание што беше присутно сите овие години при избор на судиите и кој пречеше на судската власт, како посебна незевисна власт, ова е додатна политизација и ќе биде негативна за функционирањето на овој Судски совет. Затоа сметам дека амандманот е ретрограден од претходното решение што го имавме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници, Претходните амандмани што беа усвојувани беа на штета на Македонската држава. Овој амандман е на штета на правната држава, бидејќи се укинува правната држава, се укинува независното судство преку контрола од партиите. И до сега немавме некои сјајни состојби во оваа сфера, но со овој амандман дефинитивно ќе немаме независно судство, а со тоа ќе немаме ни правна држава, покрај тоа што прашање е дали и Македонија како држава.

Заради тоа ќе гласам против.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Текстот на Нацртот на амандманот XIV го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 90 пратеници. За гласале 67 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, а против 20 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот XIV на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманот XV на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Господинот Вангел Симев сака да се изјасни како ќе гласа.

Ве молам, јавувајте се на време.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници,

Со овој амандман исто така се злоупотребува независното судство, им се одзема автономијата на судството и, што е најважно, правичноста се исклучува од судството. Дали треба да го цитирам овој амандман? Да, ќе го цитирам.

"Собранието ги избира судиите на Уставниот суд.

Собранието избира шест судии на Уставниот суд со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници". Одлично. Значи, со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници избира шест. Тоа е логично и така беше според стариот Устав. Тоа е нормално и правно.

Зошто да бидеме правна држава кога можеме да бидеме неправна држава.

Господине Василев, ќе ве молам.

Понатаму продолжувам "Собранието избира тројца судии со мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници, при што мора да има мнозинство број на гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско населени во Република Македонија". Па, зошто не кажеме тројцата се од малцинствата? Се е кажано. До кога ќе се полетизира судството? Каква конфузија со овој амандман?! Ваков Устав нема ни во Тунгузија,

господо. Ни во Тунгузија. Зошто тројцата судии на Уставниот суд да се одлучуваат со мнозинство на малцинството. Зашто да не биде од сите пратеници, да одлучуваат? Зашто, како? Од каде оваа идеја? Од каде оваа консензуална идеја ваша?

Да беа лојални, прифаќам. Јас се извинувам, многу ми е драго што можам да го поздравам тука г. Амди Бајрам кој седницата во петокот, на која не бев присутен, бев отсутен, да ги бранам интересите на Македонија во спортот ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие зборувајте сега за вас. За друг не можете да зборувате ништо. Само за вас како ќе гласате. Сега е таква фаза.

(Реакции во салата).

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Поради наведеното, јас ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Текстот на Нацртот на амандманот XV на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 87 пратеници. За гласале 66 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 18 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот XV на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Текстот на Нацртот на амандманот XVI на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 89 пратеници, за гласале 67 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 19 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот XVI на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Текстот на Нацртот на амандманот XVII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам вклучете го системот за гласање.

Од вкупно 92 пратеници, за гласале 68 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, а против гласале 21 пратеници.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот XVII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Текстот на Нацртот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Господинот Илија Пранговски сака да каже како ќе гласа.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Мене ми е навистина жал што сте волку нервозни, колегите од албанскиот блок, т.н. албански блок. Меѓутоа, не можете да ми го одземете во овој Парламент моето право, пратеничко, да кажам како ќе гласам. Можеби, во некој иден ќе се обидете и тоа да го направите, како што ќе биде конструиран.

Ќе гласам против овој амандман. Бидејќи убеден сум, длабоко, дека со овој амандман, не се добиваат никакви граѓански права. Дека не се гради граѓанска држава по европски концепт. Туку, дека се прави негативна дискриминација на Македонскиот народ, но овој пат на квадрат.

Ако овој амандман го усвоиме ваков каков што е предложен, ние треба да се поздравиме од понатамошни евентуални измени на Уставот на Република Македонија, на преамбулата и на сите наведени 7, 8, 9, 19, 48, 56, 69, 77 до 109, најважните членови во Уставот на Република Македонија.

Сметам дека овој Устав што, измените на Уставот што ќе се донесат, ако се донесат, нема да ја решат кризата. Се извинувам, мислам дека овој Устав, вака изменет ќе биде дури извориште на нова криза.

Негативна дискриминација на квадрат е затоа што не можам да сфатам како може, како може во еден Парламент македонски, врз основа на демократска процедура, избор на пратеници од граѓаните на Република Македонија од кои што во постојаниот состав се сега, но најверојатно и во еден подолг период, фала богу, ќе бидат повеќе од 80% -90% Македонци во овој Парламент, не можам да сфатам кои се тие заштити на вашите прави доколку мора да се изјасни повеќе од една половина на припадниците, пратениците припадници односно оние кои се изјаснуваат дека припаѓаат, како е тоа формулирано, на другите етнички заедници.

А, дискриминација на квадрат е затоа што го нема воопшто Македонскио народ. Пишува - припадниците на заедниците.

Од тие причини нема да гласам за овој амандман. Ќе гласам против. Сакам да кажам дека не изигрувам патриот, тоа се прави на други места и на други начини. Но, имам право да го кажам она што го мислам и она за што сум овде и за што седам во овие клупи. Ме вчудоневидува и начинот на кој се води оваа седница, но тоа не е сега прашање за дискусија. Барем една малку поголема сериозност, бидејќи ако се ова Нацрт амандмани. Ќе се вратат овде после 10 дена повторно овде.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имазбор господинот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Ќе ги повторам зборовите на г. Пранговски. Иако се работи за витални интереси, крајно несериозни сме на оваа седница. Народот не избрал да бидеме одговорни и да ги штитиме интересите на народот и на државата. Да не ги набројувам по ред 7, 8, 9, мислам дека вкупно 17 амандмани се прифатени со ова. Се работи за 17 амандмани каде што постои консензуално одлучување. Или, се добива впечаток дека имаме два дома. Горен и долен дом.

Со ова, албанското малцинство одлучува. Ако сакаат ќе имаат повеќе од половината. Не мора да се работи за нивни интереси. Може да се работи за некои пазарења. На овој начин се дозволува да се пазарат со државните интереси за било какви интереси.

Господо, ова невозможно е, до овој степен да се политизира Уставот и државата. Нема да се делиме ние на малцинста и на не малцинства. Ова е држава на Македонскиот народ, на сите малцинства кои живеат во оваа држава. Законот важи за сите. Зошто на овој начин се делиме? Поново малцинствата да одлучуваат за 17 амандмани?! Ако сакаат. Со тоа им се дава за право што сакаа да прават, како сакаат да одлучуваат.

Ќе ве молам, крајно неодговорно. Уште еднаш ве повикувам вас, СДСМ кои молчите и ДПМНЕ што молчите. Кажете. Кажете каде сте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема повикување сега. Само вие како ќе гласате.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се извинувам.

Ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Горѓи Тодоров.

**ЃОПЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги, со овој амандман XVII се заменува ставот 1 од членот 115 на Уставот на Република Македонија. И за овој амандман ќе гласам против. Зошто?

Затоа што со ова предложено решение, односно со овој предложен амандман XVII се форсираат елементи на мултиетничка држава.

(Реакции од салата со укажување дека се работи за амандман XVIII, а не за амандман XVII.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега сме кај амандманот XVIII.

Има збор господинот Петров Чедо.

Со тоа им се дава за право што сакаа да прават, како сакаат да одлучуваат.

Ќе ве молам, крајно неодговорно. Уште еднаш ве повикувам вас, СДСМ кои молчите и ДПМНЕ што молчите. Кажете. Кажете каде сте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема повикување сега. Само вие како ќе гласате.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се извинувам.

Ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Горѓи Тодоров.

**ЃОПЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги, со овој амандман XVII се заменува ставот 1 од членот 115 на Уставот на Република Македонија. И за овој амандман ќе гласам против. Зошто?

Затоа што со ова предложено решение, односно со овој предложен амандман XVII се форсираат елементи на мултиетничка држава.

(Реакции од салата со укажување дека се работи за амандман XVIII, а не за амандман XVII.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега сме кај амандманот XVIII.

Има збор господинот Петров Чедо.

Со тоа им се дава за право што сакаа да прават, како сакаат да одлучуваат.

Ќе ве молам, крајно неодговорно. Уште еднаш ве повикувам вас, СДСМ кои молчите и ДПМНЕ што молчите. Кажете. Кажете каде сте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема повикување сега. Само вие како ќе гласате.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се извинувам.

Ќе гласам против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Горѓи Тодоров.

**ЃОПЃИ ТОДОРОВ:**

Почитувани колеги, со овој амандман XVII се заменува ставот 1 од членот 115 на Уставот на Република Македонија. И за овој амандман ќе гласам против. Зошто?

Затоа што со ова предложено решение, односно со овој предложен амандман XVII се форсираат елементи на мултиетничка држава.

(Реакции од салата со укажување дека се работи за амандман XVIII, а не за амандман XVII.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега сме кај амандманот XVIII.

Има збор господинот Петров Чедо.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

По овој амандман пратеничката група на Нова демократија ќе гласа воздржано.

Опстојуваме на нашата иницијатива. Се надеваме во текот на утрешниот ден да продолжи седницата за распишување на референдум на граѓаните на Република Македонија.

Доколку е тоа изводливо, седницата може да продолжи уште денес. Повторувам, и за овој амандман Нова демократија ќе гласа воздржано. Ќе го чека гласот на народот. Не велиме дека во овие амандмански предлози нема место за разговори и доградување. Меѓутоа, вака како што се предложени, нема да го дадеме гласот за, ќе гласаме воздржано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Стојановски Воислав.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван г. претседателе, јас прво да кажам дека ќе гласам против.

А, на г. Симев ќе му препорачам да се ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема препораки.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да си изброи колку гласови имаат од ВМРО-ВМРО, зошто овде има гласачи кои гласале, мислам пратеници кои гласале, скоро 30 пратеници гласале против, да не ја прозиваат пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема никакви препораки. А, тој ќе си го земе листингот. Тоа е негова работа.

Има збор Горѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

И со овој амандман XVIII со кој се форсираа, со предложеното решение, елементи на мултиетничка држава, како што реков никаде такво нешто нема никаде во светот:

- етничките заедници како основа на изградба на државната власт,

- правична застапеност на етничките заедници во сите области на јавниот живот,

- како нова темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, право на вето врз етничка основа,

- конституирање на сите нивоа на институциите на системот од локалното до централното ниво, повторно врз етничка основа,

- регрутирање на составот на полицијата и на национално и на локално ниво пак врз етничка основа,

- издигнување на јазик на едно национално малцинство на ниво на службен јазик итн.

Во функција на тоа етничките заедници стануваат темелна вредност и основа за структуирање на целокупниот уставен поредок. Иако се вели со овие предлози за измена на Уставот ќе бидеме чекор напред до стандардите на државите членки на Европската унија, сепак не постои поголема заблуда од оваа. Напротив, се нуди концепт што е вистински преседан конпаративно правно опсервирање. Со ова само се оди во дезинтегрирање на општеството на Република Македонија односно државата.

Благодарам.

Господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници,

Како и за сите амандмани и за овој ќе гласам против.

Овој е еден од најопасните амандмани. Нема други, овој е најопасниот, затоа што ќе направи блокада во постапката за менување на Уставот. Тоа е едната работа.

Втората работа е при избор на пратеници.

Третата работа е тоа што влегува концизно демократија и она што е најлошо, а сигурно ако помине вака, влегуваме во федеративни принципи, што значи Македонија ќе биде федерација. Од тие причини ќе гласам против. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Текстот на Нацртот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 90 пратеници, за гласале 62 пратеника, воздржано гласале тројца пратеници, против гласале 31 пратеник.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Нацртот на амандманот XVIII на Уставот на Република Македонија.

Со утврдување на Нацртот на секој амандман одделно, констатирам дека Собранието го утврди Нацртот на амандманите од IV до XVIII на Уставот на Република Македонија.

По повод Нацртот на амандманите од IV до XVIII на Уставот на Република Македонија, му предлагам на Собранието да ги донесе следните заклучоци:

1. Нацртот на амандманите IV, V, VI, VII ,VIII, IX, X, XI ,XII ,XIII , XIV, XV, XVI ,XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија се става на јавна дискусија.Јавната дискусија трае до 4 октомври 2001 година.

2. Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија заедно со овие заклучоци ќе се објави во сите дневни весници во Република Македонија.

3. Граѓаните, политичките партии и здруженијата на граѓаните, органите и организациите, како и другите учесници во јавната

дискусија, своите забелешки, предлози и сугестии по Нацртот на амандманите непосредно да ги упатуваат до предлагачот, претседателот на Република Македонија и до Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија.

4. Се задолжува Комисијата за уставни прашања да ја следи и сумира јавната дискусија и да подготви извештај за резултатите од јавната дискусија и да го достави до предлагачите до Собранието.

5. Предлагачот, претседателот на Република Македонија да го подготви текстот на Предлогот на амднамните и да го достави до Собранието.

6. Овие заклучоци ќе се објават во "Службен весник на Република Македонија".

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Вкупно гласале е6 пратеници, 68 пратеници гласале за, воздржано гласале четири пратеници, против гласале 24 пратеници.

Констатирам дека Собранието ги донесе предложените заклучоци.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 16,40 часот.)